# MAGNA MATER DEORUM

гниење - распаѓање - горење

**- мулти медијален проект -**

**22.12.1994**

Културен центар " Мала станица", просторија бр. 8, Скопје

**автор: Искра Димитрова**

"Темнината и светлината се двојниот аспект на Големата мајка, како создавач и уништувач; раѓање, живот и љубов; смрт и распаѓање истотака."

Речник на симболи

Како она што е создадено сега пропаѓа, какви се етапите на тоа пропаѓање, претопување во нешто друго ... Како четирите елементи делуваат на нештата?
Гниењето, распаѓањето и горењето се процеси на исчезнување - за да може да се родат во друга форма.

Мулти медијалниот проект е изведен без присуство на публика и со тоа се определува како потполно интимен чин.

**- видео проект -**

**27.12.1994 - 6.1.1995**

Културен центар "Мала станица", просторија бр.6, Скопје

**автор: Искра Димитрова**
**камера: Брант Феро**
**монтажа: Љубиша Ивановски**
**музика: Нора Стојановиќ**
**слајдови: Ацо Кондев**
**учеснички: Татијана Илиевска, Галина Димитрова, Јасмина Стојанова, Сенка Велиновска**

Какво е чувството да бидеш само со себе во кутијата додека толпата е насекаде околу тебе?

Матерјалот за видео проектот е снимен после мулти медијалниот проект. Тој е резултат на мотивот за контакт со публиката, ја конципира социјалната димензија - претставува еден вид на упатство за ритуалот на поединецот - ја дава можноста публиката да се вклучи во ритуалот.

Во целокупниот проект/простор реско се издвоени спротивностите примитивно/цивилизација и направена е една синтеза меѓу нив.

**Проектот ќе биде изведен на 27 декември во 21 часот и секој вторник и петок од 17 до 19 часот.**

